Телекабел

УАПСЕНИ ШЕСТМИНА ВО ВЧЕРАШНАТА ЗАПЛЕНА НА 200 КГ. МАРИХУАНА, ПРЕТРЕС ВО ДВЕ ФАБРИКИ ЗА КАНАБИС

Ивана Стојкова | саб, 10.04.2021 | 5:59 pm | 0 Коментари

Шест лица се приведени во вчерашната акција на полицијата во која беа запленети 200 килограми марихуана, во вредност од над 800.000 евра.

Меѓу приведените освен командирот на полициската станица во Прилеп е и лице кое што соработувало со фирми за прозиводство на медицински канабис од Прилеп и Битола, поради што по наредба на јавен обвинител е извршена контрола и во фабриките. Уапсен е и жител на Гевгелија кој според полицијата бил организатор на групата.

При претресите во домовите на приведените пронајдени се пиштоли, гранати, луксузни часовници, но и документација за фабрики за производство на марихуана во медицински цели.

Комбето со марихуаната било запрено на патниот правец Прилеп – Росоман. Со цел да не биде евентуално запрено од сообраќајна полиција пред него и по него имало два приватни автомобили .

„На патниот правец Прилеп – Росоман, во близина на с.Раец биле запрени патничко возило „ауди А8", со скопски регистарски ознаки, во кое биле пријавените К.С. и М.З.. Веднаш потоа е запрено патничко возило „дачија дастер", со скопски регистраски ознаки, управувано од А.У, каде како сопатник бил Г.К., а зад нив и товарно возило „комбе", во кое се наоѓала поголема количина дрога, спакувана во 40 картонски кутии во кои имало 400 полиетиленски пакувања со дрога. Лицата се лишени од слобода и од извршеното вештачење на пронајдената дрога е утврдено дека станува збор за марихуана во вкупна количина од околу 200 килограми" - вели Сузана Прањик – портпарол на МВР.

Кривичната пријава за организираната група била резултат на повеќемесечна истрага во која поддршка дала и Американската служба за борба против дрога.

Од опозициската ВМРО ДПМНЕ пак прашуваат дали возачот на првиот братучед на Премиерот Зоран Заев е еден од уапсените, кој што бил патечко возило на пратката со дрога.

„Повторно сакам да упатам прашања до власта и конкретно до премиерот Зоран Заев, а тоа е дека возачот на Трајче Заев, првиот братучед на Зоран Заев е еден од уапсените, кој што бил патечко возило на пратката со дрога? Вториот уапсен е Кире Спиркоски викан „Чипси" командир од полициската станица Прилеп кој што пак може да се види дека е преблизок со Оливер Спасовски и со локалните структури на СДСМ во Прилеп, како што е градоначалникот Јованоски" - рече Димче Арсовски – портпарол на ВМРО-ДПМНЕ

Од МВР велат дека сите шест лица се лишени од слобода и денеска ќе бидат изведени пред судија на претходна постапка и дека продолжува интензивна истрага со цел идентификување на други инволвирани лица во неовластена набавка, држење, пренесување и продажба на наркотична дрога.

0 КОМЕНТАРИ

ОСТАВИ КОМЕНТАРИ

Име

Коментар

SUBMIT

НАЈЧИТАНИ | НАЈНОВИ | НАЈКОМЕНТИРАНИ

- 1.259 нови случаи на Ковид 19, починати се 45 лица...
- Приведен бизнисменот Орце Камчев
- Почина екс-пратеникот Тале Герамитчиоски
- Запленета е дрога во вредност од 800 илјади евра
- Д-р Пановски: Фасцинантни се резултатите на тие шт...
- Најсилен бран на Ковид-19, рекорден број новозабол...
- Нови 1.299 заразени со Ковид 19, починаа 24 пацие...
- СЗО за тв24: Македонија ќе добие 100.800 вакцини н...

НОВО! DEZINTAL

НОВАТА ГАМА ТІРО има СМЕЛ СТИЛ FIAT

24 ОД ПОНЕДЕЛНИК ДО ЧЕТВРТОК АНАЛИЗА 18:15 часот

СТУДИО 10 ПОН-ПЕТ 10:00

СТОПЕРКА ПОН - ПЕТ 17:45

пон-пет 20:45 часот ЖЕНСКИ РАЈ

Следете не

ВО МАКЕДОНИЈА

Вчера 140 сообр...

Министерството за внатрешни.....

апр 11, 2021

Вакцинација на ...

Вакцинацијата на новинарите.....

апр 11, 2021

Процесот на иму...

Благо намалување на бројот .....

апр 11, 2021

За нас

Нашата мисија е да обезбедиме точни, навремени и објективни информации за случувањата во земјата и светот.
При пласирањето на информацијата се водиме од највисоките етички и новинарски стандарди.
Истовремено, нудејќи им на гледачите различен спектар на аналитички гледишта за општествените збиднувања, низ дебати и соочувања на ставовите.

Најгледани Емисии

- Направи ли системот грешки во чекори при апсењето на Камчев, предавањето на Мијалков, бегството на Груевски?
- 24 АНАЛИЗА
- Каде е крајот на третиот бран на пандемијата?
- Кој ја блокира, а кој не работата на Собранието?

Најгледани серии

Најчитани

sloboda na mediumi | formula 1 | ekonomija | svet | kultura | makedonija | sport | Студио 10 | Фактор здравје | Очи в очи | 24 Анализа | Трилинг | Пресек | 25 минути | 24 Отворено | ЕвропаТ

© 2018, Copyrights GateOne. All Rights Reserved.